# ЈУ ЗАВОД  ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

***Извештај за работата на  ЈУ Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско“ – Струмица***

*Скопје, февруари 2018 година*

РЕЗИМЕ

ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје во рамките на своите надлежности во континуитет ја следи работата во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско“- Струмица преку увиди и посети во установата, работни средби со вработените, спроведување на обуки и работилници и активна вклученост во сите тековни процеси кои се спроведуваат во установата.

Предмет на овој извештај е утврдување на моменталната состојба на организација и функционирање на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско“- Струмица како и определување на препораки за подобрување на работата и подигнување на квалитетот на услугите кон корисниците, а во согласност со тековните процеси на трансформација на установите и деинституционализација на национално ниво.

Согласно моменталната состојба на организација и начин на функционирање на установата преку споделената надлежност помеѓу Министерстсвото за труд и социјална политика и Министерството за образование, верифицирана воспитно-образовна дејност со специјални паралелки за основно образование, бројот и структурата на кадарот (35), возрасни корисници (од 63 корисници- 37 се над 40 годишна возраст), расположливи просторно-технички капацитети, но со амортизирана и несоодветна опрема, и специјализирани рехабилитациски услуги кон корисниците (хидротерапија, балнео терапија, електротерапија и кинезитерапија) има потреба од преземање активности за подобрување на моменталната состојба кои треба да бидат во корелација со тековниот процес и новата стратегија за деинституционализација и тоа:

1. **Реорганиозација и редефинирање на воспитно-образовната дејност во установата**
2. **Развивање на процесот на професионална рехабилитација за лица со телесна инвалидност во рамки на установата**
3. **Воведување на работна окупација со корисниците.**
4. **Развивање на дополнителни услуги за деца и лица со телесна попреченост на локално ниво, по претходно проценети капацитети и можности на вработените, просторно технички услови и анализа на потреби на децата и лицата со телесна попреченост и нивните семејства на територија на град Струмица и околината.**
5. **Да се продолжи со соработка со центрите за социјална работа заради преземање на соодветни активности за организирање на понатамошниот облик на заштита на корисниците**
6. **Обуки/едукации за сите вработени, согласно изготвен план за едукација на индивидуално и организациско ниво со посебен акцент за примена на моделот на почитување на човековите права на лицата со попреченост во секојдневната работа, како и за процесот на деинституционализација, тимската работа.**

ВОВЕД

## **1 Дејност на установата**

ЈУ Завод за заштита и рехабилитација„Бања Банско“ - Струмица е установа за сместување на деца, младинци и возрасни со пречки во телесниот развој со и без пропратни состојби и пречки во развојот која обезбедува згрижување (домување, исхрана, нега и грижа) до оспособување за самостоен живот и работа.

Установата на децата и младинците им се обезбедува основно и средно образование, организира стручна помош за успешно совладување на воспитно - образовните програми, организира различни облици на работа и живот, рехабилитација, едукација, социјализација како и да се грижи за нивното здравје. Исто така, установата обезбедува кадри оспособени за помагање и едукација на лицата со пречки во телесниот развој, зависно од видот на телесната попреченост.

## **2 Локација, вкупна површина на објектот и опис на простории**

Установата се наоѓа на почетокот на с. Бања Банско, оддалечена е од градот Струмица на 15 км. Установата располага со два објекти со вкупна површина од 4 820 м2, и дворна површина од 22.000м2, кои се уредени со зелени површини и патеки приспособени за корисниците. Установата располага со 2 објекта, таканаречени, стар и нов дел.

Пристапот до Установата и движењето низ Установата е прилагодено за корисниците, преку пространи влезови со пристапни рампи и внатрешно уреден простор без архитектонски бариери (лифт, држачи поставени по должината на ходниците, соодветно уредување на бањите и санитраниот дел).

Стариот објект располага со површина од 1540 м2, и е составен од приземје и спрат.

Во приземјето се сместени просториите за рехабилитација и терапии (базен за хидротерапија со 2 бањи и една соблекувална, 3 простории со кади и 1 бања за балнео терапија, една просторија за електротерапија и сала за кинезитерапија), 3 училници, помошна просторија со пинг - понг маса, работилница на хаус мајсторот, 3 магацински простории и 2 помошни простории, 4 канцеларии за директорот, правник, сметководител и магационер, и архива.

На спратот се наоѓаат 7канцеларии, 3 кабинети (дефектолошки кабинет, кабинет по музичко, кабинет за информатика), библиотека, чајна кујна, тарпезарија, 6 WC од кои 3 се на машката и 3 на женската страна, 2 занимални и 30 соби (15 соби се на машката и 15 соби на женската страна, и во една соба се сместени претежно по 2 корисници). Во овој дел се сместени малолетните корисници и возрасни кои имаат постојана потреба од помош и нега од друго лица.

Новиот дел има 22 апартмани, кујна со 2 помошни простории, соба за изолација и една канцеларија. Секој апартман е со површина од 48 м2. Во Новиот дел се сместени возрасните корисници, најчесто по 2 корисници во апартман.

**3 Организација на работа (по служби/оддели)**
Согласно Статутот и Правилникот за организација работата со оваа установа е организирана во **3** Служби:

1. **Служба за административни и помошно – технички работи**
   -Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси,
   -Оддел за помошно-технички работи

**2. Служба за рехабилитација и социјализација**
-Оддел за сместување, нега и грижа за деца до 6 год.
-Оддел за сместување, нега и грижа за деца од 7-14 год.
- Оддел за сместување, нега и грижа за деца од 15-26 год.
-Оддел за сместување, нега и грижа за деца над 26 год.

**3.Наставна служба**

Надлежноста врз работата во установата е во доменот на две министерства: Министерство за образование и наука и Министерство за труд и социјална политка со институции од двата система (Биро за развој на образование, Завод за социјални дејности).

3.1 **Служба за административни и помошно – технички работи**. Работата во оваа служба се реализираа од страна на 8 вработени, од кои 2 во Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси и 6 во Оддел за помошно- технички работи и се однесува на кадровските активности (човечки ресурси), архивско и магацинско работење.

3.2**Служба за рехабилитација и социјализација** има вработени вкупно **17 вработени**, од кои 4 се стручни лица и 13 се помошно стручен персонал (негуватели, мед. сестра, физиотерапевт). Оваа служба работи со сите корисници, вкупно 63 корисника, согласно определените активности во индивидуалните планови.Активностите се однесуваат на спроведување на нега, грижа, исхрана, организирање на престојот, здравствена заштита, рехабилитациски третман, креативни работилници, психосоцијална поддршка на индивидуално или групно ниво, структуирање на слободно време, учество на манифестации и друго.

3.3 **Наставна служба.** Во оваа служба се одвива воспитно-образовниот процес и опфаќа редовно основно образование во паралелки во самиот Завод и школување во редовни средни училишта. Наставата се спроведува согласно Наставната програма и план за деветогодишно основно образование изготвени од Бирото за развој на образованието, а врз основа на Програма за работа на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација за учебната 2017/2018 година.

Наставата ја реализираат 7 наставници и 2 стручни работници, педагог и дефектолог, финансирани од Министерство за образование.

Наставниците водат редовна педагошка документација и евиденција (дневник на паралелката, евидентни листи за успехот на учениците, свидетелство).

Во тековната учебна година во основното училиште се формирани 7 паралелки со 9 корисници и тоа: 2 ученици во прво одделение, 1 ученик во второ одделение, 1 ученик во четврто одделение, 1 ученик во шесто одделение, 1 ученик во седмо одделение, 1 ученик во осмо одделение и 2 ученици во деветто одделение.

**4.Проект „Работно-ориентирана рехабилитација“**

УНДП во соработка со Министерството за труд и социјална политка, во периодот од декември 2016 до октомври 2017 година го реализираше проектот: „Работно-ориентирана рехабилитација“. Проектот предвидуваше 3 тродневни теоретски обуки и 25 дневно пилотирање или практична примена на процесот на професионална рехабилитација од страна на стручни лица од институции и невладин сектор, со 20 корисници од ЈУ Завод за заштита и рехабилитација и 3 корисници од НВО Порака Неготино- Неготино. Целокупниот процес беше воден од надворешни експерти во областа на реха планирање и професионална рехабилитација од организацијата BBZR од Австрија.Во текот на пилотирањето, од страна на стручните лица беа направени различни видови на проценки, спроведување на работлиници, индивидуални разговори, изработка на наоди и извештаи со препораки во однос на понатамошната професионална рехабилитација.

**5. Структура на корисници**

Вкупниот број на корисници во установата изнесува 63, од кои 29 корисници се машки а 34 женски.

Според возрасната структура, најголем број од корисниците (47) се над 26 годишна возраст. Од 18 до 26 години има сместено 6 корисници. Бројот на корисници до 18 годишна возраст изнесува 10. (табела бр 1)

Во однос на видот и степенот на попреченост, сите корисници се со различен степен на телесна инвалидност, медицински дијагнози или/и дополнителни потешкотии, кои манифестираат различно ниво на способности, самостојност, подвижност и потреба за грижа од друго лице. Од вкупниот број на корисници, 35 лице се со различен градус на телесната инвалидност, и кај нив застапени се различни медицински состојби како: церебрална парализа, парапареза, квадрипареза, прогресивни мускулни заболувања, телесни малформации. 21 корисници се со комбинирани пречки, каде што покрај телесната инвалидност најчесто придружени состојби се јавуваат интелектуални пречки, пречки во говорот, епилепсија. 7 корисници се со интелектуална попреченост на ниво на лесна, умерена и тешка. (табела бр.2)

**6. Структура на кадар**

Во Установата вкупниот број на вработени изнесува 35 лица, од кои 14 стручен и 21 административно-технички и помошен кадар.

Стручениот кадар е составен од следните профили: 2 дефектолози(од кој еден работно место директор ), 1 социјален работник, 1 психолог, 1 социолог, 1 педагог, 1 дипл. Физиотерапевт,1 одделенски наставник и 6 предметни наставници.

Административно-технички и помошен кадар: 1 правник, 1 одговорен сметководител, 1 домаќин, 1 возач, 1 бравар, 1 физиортерапевт, 1 медицинска сестра, 1 ортопед протетичар, 10 негователи, 3 лица распоредени на работни места хигиеничари но во моментот ги вршат работните задачи на готвач, работник во перална, неговател.

Вработените се финасирани од Министерството за труд и социјална политика или од Министерството за образование и наука.

## ЗАКЛУЧОК

Согласно моменталната состојба на организација и начин на функционирање на установата преку споделената надлежност помеѓу Министерстсвото за труд и социјална политика и Министерството за образование, верифицирана воспитно-образовна дејност со специјални паралелки за основно образование,бројот и структурата на кадарот(35), возрасни корисници (од 63 корисници- 37 се над 40 годишна возраст), расположливи просторно-технички капацитети, но со амортизирана и несоодветна опрема, и специјализирани рехабилитациски услуги кон корисниците (хидротерапија, балнео терапија, електротерапија и кинезитерапија) има потреба од преземање активности за подобрување на моменталната состојба кои треба да бидат во корелација со тековниот процес и новата стратегија за деинституционализација.

## ПРЕПОРАКИ

7. **Реорганиозација и редефинирање на воспитно-образовната дејност во установата**

   -Да се дефинира статусот на основното училиште во рамките за Заводот.
   - Вклучување на корисниците во редовните основни училишта, со соодветен степен на поддршка согласно потребите на корисниците.
   - Континуирано поддржување на корисниците за средно образование во редовните средни општински училишта.
   - Да се воспостави соработка со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието со цел утврдување и реализирање на дадените предлози.

8. **Развивање на процесот на професионална рехабилитација за лица со телесна инвалидност во рамки на установата**

   - Да се дефинираат услугите во рамките на професионалната рехабилитација кои ќе се понудат на корисниците (проценка, изработка на индивидуални реха-планови, теоретски/практични обуки, издавање на соодветен документ) во соработка со надлежни институции (МТСП, ЗСД, АВРМ, ФПИОМ и сл). Услугите може да бидат отворени за корисници од Струмица но и од други градови доколку се обезбедат услови за сместување и престој.

   - Да се обезбедат просторно-технички и кадровски услови за воспоставување на процесот на професионална рехабилитација.

   - Изготвување на Програма за професионална рехабилитација.

- Примена на стекнатите знаења и практичните искуства од проектот „Работно-ориентирана рехабилитација“ во креирање и спроведување на програмата за професионална рехабилитација.

- Спроведување на активности со 20-те корисници кои беа вклучени во проектот согласно изготвените проценки и планови за работа.

- Вработувања на корисниците кои ги исполнуваат условите согласно Законот за вработување на инвалидни лица.

- Активностите за воведување на процесот на професионална рехабилитација да бидат во согласност со тековните активности кои се преземаат на национално ниво.

9. **Воведување на работна окупација со корисниците.**

- Изготвување на програма во соработка со окупациони терапевти од други институции.

- Обука на кадарот за примена на работна окупација.

10. **Развивање на дополнителни услуги за деца и лица со телесна попреченост на локално ниво, по претходно проценети капацитети и можности на вработените, просторно технички услови и анализа на потреби на децата и лицата со телесна попреченост и нивните семејства на територија на град Струмица и околината, како на пример:**

- Организирање на индивидуални рехабилитациски третмани со деца и лица со телесна попреченост

- Советовалиште за работа со родители во насока на превенција од институционализација, работа со биолошките родители чии деца се корисници во установата, прифаќање и справување со предизвиците на одгледување на дете со телесна попреченост и насоки за работа во домашни услови.

11. **Да се продолжи со интензивната соработка со центрите за социјална работа заради преземање на соодветни активности за организирање на понатамошниот облик на заштита на корисниците преку:**

- Информирање за тековните процеси и активности кои се спроведуваат со корисниците

- Меѓусебно споделување на информации за состојбата на корисниците и состојбата со семејствата на корисниците

- Преиспитување на статусот на корисниците заради утврдување на можноста за поседување на имот во сопственост на корисниците или нивните семејства кој би можел да се искористи за создавање на ресурси за деинституционализација- организирано живеење со поддршка и/или мал групен дом.

12. **Обуки/едукации за сите вработени, согласно изготвен план за едукација на индивидуално и организациско ниво со посебен акцент за примена на моделот на почитување на човековите права на лицата со попреченост во секојдневната работа, како и за процесот на деинституционализација, тимската работа.**

- Воведување на организациско учење за размена на искуства, знаења и информации кои вработените ги стекнале преку различни облици на едукации (студиски посети, конференции, обуки и сл.)

- Имплементација на стекнатите знаења и вештини во непосредната работа со корисниците.

## ПРИЛОЗИ

### Табела 1. Податоци за корисниците според возраст

<table>
<tr><th></th><th>Возраст</th><th>Вкупно</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>до 6 год</td><td>1</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>7 - 10 год</td><td>2</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>11 - 14 год</td><td>1</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>15 - 18 год</td><td>6</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>18 -26 год</td><td>6</td></tr>
<tr><td rowspan="4">6.</td><td rowspan="4">над 26 години</td><td>63</td></tr>
<tr><td>над 40 год.-17</td></tr>
<tr><td>над 50 год.-14</td></tr>
<tr><td>над 60 год -6</td></tr>
<tr><td></td><td>Вкупно</td><td>63</td></tr>
</table>

### Табела 2: Податоци за корисниците според вид и степен на попреченост

| Редб рој | Здравствена состојба | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Телесна инвалидност (церебрална парализа, парапареза, квадрипареза, прогресивни мускулни заболувања, телесни малформации) | 35 |
| 2. | Интелектуална попреченост | 7 |
| 3. | Комбинирани пречки (телесна попреченост и интелектуални пречки, пречки во говорот, епилепсија | 21 |
| | **Вкупно** | **63** |

**Табела бр. 3: Податоци за кадровска структура**

| **Кадровска структура** | |
|---|---|
| Административно-технички и помошен кадар | 21 |
| Стручен кадар | 14 |
| **Вкупно** | **35** |